Врз основа на член 73 став (1) точка 1) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 101/25 и 135/25), член 109 став (4) од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/15) и член 20 од Правилата за постапување по приговори и разрешување на спорови („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 233/25), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 8 јуни 2026 година донесе

# Р Е Ш Е Н И Е
## за одбивање на приговор

1. Приговорот на Александар Белогаски од Делчево УП2 09-170/26 од 31 март 2026 година против Решение за одбивање на барање на согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје УП1 бр. NCC_32_20260302_35 од 19.03.2026 година СЕ ОДБИВА.

2. Решението за одбивање на барање на согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје УП1 бр. NCC_32_20260302_35 од 19.03.2026 година СЕ ПОТВРДУВА.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува на веб-страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

### О б р а з л о ж е н и е

Александар Белогаски од Делчево до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) поднесе Приговор УП2 09-170/26 од 31 март 2026 година против Решение за одбивање на барање на согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје (во понатамошниот текст: Електродистрибуција) бр. УП1 бр. NCC_32_20260302_35 од 19.03.2026 година, издадено поради непостоење на технички услови за приклучок на пумпа за вода.

Според Електродистрибуција – не постои електродистрибутивна мрежа од која може да се реализира приклучок.

На седница на Комисијата за постапување по Приговори од 7 мај 2026 година се разгледуваше следната документација:

1. Одговор на Приговор и дополнителни докази од ЕН од УП2 09-170/26 од 31 март 2026 година со прилог:

- Слика од барањето за согласност за приклучување
- GIS скица
- Приговор
- Приговараното Решение
- Имотен лист
- Потврда од ЈКП Брегалница Делчево дека на предметната КП нема водоводна инсталација

На седницата се заклучи Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје да достави нова GIS скица со вцртани податоци за растојанијата од парцелата до најблиската приклучна точка од нисконапонската мрежа и од најблиската приклучна трафостаница, при што на 12 мај 2026 година беше доставена бараната скица

Регулаторната комисија за енергетика при разгледувањето на Приговорот утврди дека истиот е неоснован.

Имено, од доставената скица е дека едната приклучна трафостаница е преу главен магистрален пат, а другата е преку повеќе парцели во приватна сопственост.

Согласно член 31 став (1) точка 2) од Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија („Службен весник на РСМ' бр. 191/19, 101/22, 68/24 и 106/25) (понатаму: Мрежни правила), операторот на дистрибутивниот систем ќе донесе Решение за одбивање на барањето за согласност за приклучување на дистрибутивната мрежа преку електронската платформа, на корисничкиот профил на барателот во случај кога не постојат технички услови за приклучување на корисникот на дистрибутивната мрежа според барањето на корисникот.

Имајќи го предвид горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поведе управен спор во рок од 30 дена од денот на приемот на истото.

**УП2 бр. 09–170/26**
**8 јуни 2026 година**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на на Република Северна Македонија**

**Ацо Ристов**